ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ВКУПЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# СО СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ И

# РАСХОДИТЕ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА

# „ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА ПЛАСНИЦА 2020 ГОДИНА"

# И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА

# СДСМ-ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020

01 2021 04 11

Скопје, декември 2021 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 13 |
| Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај | |
| - Вовед | 15 - 17 |
| - Сметководствени политики | 17 - 20 |
| - Финансиски извештај за приходите и расходите | 20 - 23 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
ДЗР – Државен завод за ревизија
ДИК - Државната изборна комисија
ААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ДКСК-Државна комисија за спречување на корупција
ЕДБ – Единствен даночен број
Финансиски извештај - вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 10-148/8
Дата: 13.12.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 година за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година за периодот од 05.11.2020 до 19.02.2021 година.

За финансискиот извештај на сметката на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 година за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденивме состојба која се однесува на структурата на изворите на финансирање на изборната кампања на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 година, согласно која 61 % од вкупните средства за изборната кампања се обезбедени од Буџетот на РСМ.

Во делот на Останати прашања, утврдивме системски слабости за кои е потребно дополнително уредување на Изборниот законик и тоа:

- потреба од преиспитување на член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија, како и допрецизирање на наведениот член во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства финансирани/донирани од физички и правни лица;
- да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии;
- законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски

извештај се прикажани вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, како и неплатени обврски;

- пропишување на обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје;
- да се преземат активности за доуредување на Изборниот законик во делот на определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи;
- да се преиспита утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања;
- доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските/ финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови/ извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка;
- доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа;
- номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување и
- Собранието на РСМ да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на овластеното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 14 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 година за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 05.11.2020 до 19.02.2021 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година поради тоа што сметката е отворена за еден изборен процес.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на СДСМ-Предвремени локални избори 2020 - Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, застапувана од:

- Бранко Георгиевски, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на учесникот во изборната кампања се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај земен како целина е ослободен од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во РСМ.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.07. 2021 до 30.07.2021 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 13.09.2021 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-148/6 од 03.11.2021 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Учесникот во изборната кампања вкупниот финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања - финансискиот извештај за изборната кампања го има доставено до сите надлежни институции ДИК, ДЗР, ДКСК, советот на Општина Штип, со исклучок до Собранието на РСМ, што не е во согласност со член 85 став 3 од Изборниот законик.
Наведената состојба влијае врз навремено и транспарентно известување на учесникот во изборната кампања со податоци за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања.

**Препорака:**
Надлежните органи на политичката партија во иднина при учество во локални избори, сите пропишани финансиски извештаи да го доставуваат до ДИК, ДЗР, ДКСК и Собранието на РСМ, а за локалните избори и до советот на општината и Советот на градот Скопје.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештај

Според наше мислење, финансискиот извештај на сметката на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, го претставува вистинито и објективно во сите материјални аспекти резултатот на финансиските активности за периодот од 05.11.2020 до 19.02.2021 година, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на трошоците за приходите и расходите на СДСМ - Предвремени локални избори 2020 за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година, за периодот од 05.11.2020 до 19.02.2021, во сите материјални аспекти е во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Согласно член 83 став 2 од Изборниот законик изборната кампања може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија, членарина на политичката партија, донации на политичка партија, физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност, правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, во изборниот процес, согласно член 76-д од изборниот законик, финансиските средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на РСМ, а се исплаќаат од страна на Државната изборна комисија.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање за Изборната кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип на СДСМ - Предвремени локални избори 2020, содржани во Вкупниот извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања, ревизијата утврди дека 61% од средствата за изборната кампања се обезбедени од Буџетот на РСМ, додека 39% се обезбедени од сметката за редовно работење на политичката партија.

## 6. Останати прашања

### Финансирање на изборната кампања

6.1.1. Законот за финансирање на политичките партии[1] ги уредува изворите, приходите и расходите на политичките партии, како и начинот на кој се врши надзорот и контролата на нивното финансирање. Средствата за редовно работење на политичките партии се остваруваат од јавни извори за финансирање, со средства од Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии[2] во 2004 година, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии беа утврдени во висина од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ, додека со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките парии[3] од 2018 година истите се зголемени на 0,15% од изворните приходи на Буџетот на РСМ. Поради епидемијата со COVID 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[4], процентот од изворните приходи е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии[5], процентот за финансирање на политичките партии е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Со извршените ревизии за период 2016-2020 година на сметките на политичките партии за редовно работење констатиравме дека ваквите законски измени значително влијаат врз структурата на приходите на политичките партии.

Со анализата на приходите по видови на извори на финансирање, утврдивме дека учеството на јавното финансирање од Буџетот на РСМ за редовното работење на политичките партии бележи тренд на зголемување, (во интервал од 30% до 70%) наспроти тренд на опаѓање на учеството на приватните извори на финансирање во вкупните приходи ( во интервал од 70% на 30%).

[1] „Службен весник на Република Македонија "број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20
[2] „Службен весник на Република Македонија" број 76/04
[3] „Службен весник на Република Македонија" број 140/18
[4] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20
[5] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20

Истакнуваме дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[6], во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на политичките партии да се прелеваат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи, што ќе доведе до финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на РСМ во повисок износ од утврдениот во Буџетот на РСМ за секој поединечен изборен процес.

Ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирање на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.
Исто така укажуваме дека уредувањето на изворите на финансирање на изборната кампања не даваат јасно разграничување од причина што средствата од членарина и средствата од донации на политичка партија исто така се средства од редовната сметка на политичката партија.

Имено, согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, донациите претставуваат приватни извори на финансирање на политичките партии, додека во член 16 од наведениот закон е уреден износот на поединечната донација и тоа:

- физички лица до висина од 30 просечни нето плати во Републиката и
- правни лица во висина од 60 просечни плати во Републиката,

исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика, кој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.02.2020 година, во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира и од:

- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност.

Ревизијата укажува дека во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства.

[6] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20

6.1.2. Во член 75 став 5 од Изборниот законик е пропишано дека „*радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), како и нивните поврзани лица не смеат на било каков начин да финансираат или да даваат донации на политичките партии*". Како поврзани лица се сметаат лицата дефинирани во членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Дефинираниот опфат на поврзани лица го отежнува нивното препознавање во случај кога истите ќе се јават како донатори во изборна кампања.

Поради наведеното ревизијата смета дека е потребно во Изборниот законик да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

6.1.3. Во член 85 став 5 од Изборниот законик уреден е начинот на постапување на група избирачи како учесници во изборна кампања, во случаи кога постои вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, за кои е предвидено да се подарат во добротворни цели.

Ревизијата смета дека постои потреба од законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани:

- вишок на собрани средства, кога како учесник во изборната кампања не се јавува само група на избирачи, туку и политичка партија или коалиција, со што ќе се обезбеди еднакво постапување за сите учесници во изборната кампања дефинирани во член 2 став 1 точка 14 од Изборниот законик и
- неплатени обврски, во насока на пропишување на одредба со која ќе се уреди дека учесникот во изборната кампања може да преземе обврски само во рамки на обезбедените средства, имајќи го притоа во предвид член 71, став 10 од Изборниот законик, во кој е уредено дека сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на сметката за изборна кампања.

### Рекламни паноа и билборди

6.1.4. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакна состојбата со закупот на рекламни паноа и билборди, како платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и потребата за изготвување и доставување на извештаи за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, од страна на

правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Републиката и градот Скопје.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) извршено е дополнување на член 78-а, став 8, каде е уредено дека правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник како и средствата кои се наплатени, но не е пропишана наведената обврска и за општините во РСМ и градот Скопје да изготват и достават извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, поради што отежнато е потврдувањето на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди.

За надминување на утврдената состојба односно за зголемување на транспарентноста на вкупното и поединечното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврската за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје.

**Следење на медиумско претставување на учесниците во изборна кампања на електронските медиуми (интернет портали)**

6.1.5. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо Агенцијата, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите.

Истакнуваме дека  останата е законската обврска електронски медиуми (интернет портали) да се регистрираат во Регистарот на електронски медиуми (интернет портали) кои обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, кој го води ДИК, да доставуваат ценовници и Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Наведената состојба упатува на потреба во Изборниот законик да се определи надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали).

**Изборна кампања-интернет претставувањето**

6.1.6. Во член 69-а од Изборниот законик е уредено е дека за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Истакнуваме дека за интернет претставувањето кое учесниците во изборната кампања го вршат преку социјалните мрежи не е уреден начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за овој вид на изборно претставување.

**Рок за уплата на донации**

6.1.7. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакнуваше потребата од преиспитување на крајниот рок за уплата на донации за финансирање на изборната кампања кој согласно член 71 став 6 од Изборниот законик е предвиден до денот на затворање на трансакциската сметка.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.09.2021 година, во член 14 извршена е измена на член 71 став 11 од Изборниот законик со што се менува рокот за затворање на трансакциската сметка односно истиот е определен на 45 дена наместо претходно утврдените 60 дена.

Истакнуваме дека и покрај намалувањето на рокот на затворање на трансакциската сметка и понатаму оставена е можноста за уплата на донации и по објавување на конечноста на резултатите од изборната кампања.

Исто така Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања, кој учесникот во изборната кампања е должен согласно член 84-б став 3 од Изборниот законик да го достави до надлежните институции еден ден по завршување на изборната кампања, не ги содржи сите уплатените донации односно донациите за период од 45 дена и тоа од денот на објавувањето на конечните резултати до денот на затварање на сметката.

Имајќи ги предвид наведените состојбите ревизијата смета дека во Изборниот законик потребно е да се преиспита вака утврдениот краен рок за уплата на донации односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Финансиски извештаи**

6.1.8. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) извршено е дополнување на член 84-б со став 8, каде е уредено дека .....„*Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитните организации„....*

Истакнуваме дека во член 17 од Законот за сметководството за непрофитните организации е уредено дека непрофитните организации се должни да состават основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи.

Имајќи предвид дека во член 85 став 1 од Изборниот законик е уредено дека „*Учесникот во изборната кампања е должен ......... да поднесе Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„*, ревизија смета дека потребно е да се изврши доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерството за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските / финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови / извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка.

Исто така во однос на именувањето на финансискиот извештај „Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„ потребно е во називот да се усогласи терминот „трошоци“ со Законот за сметководството на непрофитните организации.

**Казни и прекршочни одредби**

6.1.9. Во член 189-а од Изборниот законик предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум и глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност на одговорниот уредник, кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања предвидено во член 85-а од Изборниот законик. Од причина

што прекршочни казни се предвидени само за радиодифузери и печатени медиуми, а не и електронските медиуми (електронските портали) кои исто така имаат обврска за доставување на наведениот извештај, ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Изборниот законик со што и електронските медиуми (електронските портали) ќе бидат опфатни во делот на Казни и прекршочни одредби.

**Други прашања**

6.1.10. Ревизијата укажува на потреба од номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

6.1.11. Правната рамка со која се уредува начинот, условите и постапката за избор на претседател на РСМ, за избор на пратеници во Собранието на РСМ, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места, се темели на Изборниот законик.

Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија истиот е повеќе пати менуван и дополнуван и не постои пречистен текст.

Ревизијата смета дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи.

СДСМ - Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година
Сметка 300-0000045542-83

**Финансиски извештај за приходи и расходи**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 05.11.2020 - 19.02.2021 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од донации во ствари и услуги | 3.1.1. | 14 |
| Средства од донации и членарини пренесени од редовната трансакциона сметка на политичката партија на трансакциската сметка за изборна кампања | 3.1.2. | 1.720 |
| **Вкупно приходи на трансакциската сметка за изборна кампања** | | **1.734** |
| Објавување на платено политичко рекламирање со средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија (ДИК) | 3.1.3. | 2.652 |
| **Вкупно приходи за изборна кампања** | | **4.386** |
| **Расходи** | | |
| Пресметани расходи по основ на обврски за објавено платено политичко рекламирање | 3.2.1. | 2.652 |
| Издатоци за електрична енергија | 3.2.2. | 8 |
| Репрезентација | 3.2.3. | 49 |
| Издатоци за реклама и пропаганда | 3.2.4. | 1.413 |
| Закупнини | 3.2.5. | 161 |
| Провизија за платен промет и надоместоци за банкарски услуги | 3.2.6. | 4 |
| Интернет претставување преку социјални мрежи | 3.2.7. | 95 |
| Поврат на средства на сметка за редовно работење | 3.2.8. | 4 |
| **Вкупно расходи за изборна кампања** | | **4.386** |